Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 2, а во врска со член 28 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 јуни 2022 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

## Член 1

Во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република северна Македонија“ бр.108/20, 133/20, 49/22, 54/22 и 64/22), во членот 7 во ставот (2), зборовите : „од ±0,227 денари/литар “ се заменуваат со зборовите „ од ±0,212 денари/литар“.

## Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 24, став (1), точка 1), алинеја 2, а во врска со член 28, став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) е надлежна за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт.

Со овој правилник се уредува начинот на пресметка, објавување и примена на највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт во Република Северна Македонија, кои ги применуваат трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт.

Потребата за изменување на Правилникот е како резултат на истекот на времетраењето на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.58/22) и враќање на претходната стапка на данокот на додадена вредност, за определени производи, меѓу кои и за одделни нафтени деривати.

Менувањето на стапката на ДДВ директно влијае и на границата за отстапување на маржата, која служи како параметар за заокружување на највисоките малопродажни цени во која смисла се предлага трговската маржа да отстапува во граници од ±0,212 денари/литар, соодветно на стапката за ДДВ, утврдена на 18%.

Во согласност со Деловникот за работа, Регулаторната комисија за енергетика на 1 јуни 2022 година одржа седница за донесување на  Правилникот за изменување на Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт.

**Бр. 01-1459/1**
**1.06.2022**

**С к о п ј е**

**Заменик претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Enver Elmazi**